На 21 и 22 мај 2014 година, во х. Бистра во Маврово, МЦМС во соработка со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), организираше дводневна работилница за дефинирање на стратешките приоритети и методите на делување на Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата.



На работилницата учествуваа 11 претставници од осум граѓански организации: МЦМС, АДИ, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје, Транспарентност Македонија, Транспарентност нулта корупција, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и на Коалицијата „Сите за правично судење“.

Преку пленарни сесии и работа во групи учесниците го дефинираа контекстот и главните предизвици на Платформата. Беа утврдени неколку главни приоритети и активности, а беше разговарано и за методите на делување и улогата на самите граѓански организации во Платформата.



Работилницата е дел од [Програмата на УСАИД за анти-корупција] спроведувана од МЦМС во партнерство со Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје

(ИДСЦС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и Транспарентност Македонија (ТМ). Целта на програмата е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет.